Архивски знак:
Shenja e arkivore:
Рок на чување:
Afati i ruajtjes:
____20____година
viti
Потпис
Nënshkrimi

СОВЕТ ЗА УНАПРЕДУВАЊЕ И НАДЗОР НА РЕВИЗИЈАТА НА
Република Северна Македонија
KËSHILLI PËR AVANSIM DHE MBIKËQYRJE TË REVIZIONIT NË
Republikën e Maqedonisë së Veriut
Бр.-Nr. 02-37/1
24.01. 2025 год.-viti

Врз основа на член 14, а во врска со член 8 став 1 алинеја 12, а во врска со член 35 од Законот за ревизија („Службен весник на Република Македонија“ бр. 158/10, 135/11, 188/13, 43/14, 138/14, 145/15, 192/15, 23/16 и 83/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 122/21) „Советот за унапредување и надзор на ревизијата на Република Северна Македонија„, на седница одржана на 24.01.2025 година, ја донесе следната

**ОДЛУКА**
**За изменување и дополнување на Одлуката за усвојување на "Насоки за подготовка на извештајот за транспарентност"**

1. Со оваа Одлука се прави измена и дополнување на Одлуката за узвојување на „Насоки за подготовка на извештајот за транспарентност“, со број 02-96/1 од 28.02.2024 година.

2. Точката 3 се менува и гласи: Табела 2 се заменува со ревидирана Табела 2, кои се составен дел на оваа Одлука,.

3. Оваа Одлука влегува во сила со денот на донесувањето и истата ќе се објави на веб страницата на „Советот за унапредување и надзор на ревизијата на Република Северна Македонија„.

***Образложение***

Согласно своите законски надлежности предвидени во член 14 и член 8 став 1 алинеја 12, а во врска со член 35 од Законот за ревизија („Службен весник на Република Македонија“ бр. 158/10, 135/11, 188/13, 43/14, 138/14, 145/15, 192/15, 23/16 и 83/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 122/21), Советот за унапредување и надзор на ревизијата на Република Северна Македонија, на седница одржана на 24.01.2025 година, ја донесе оваа Одлуката за изменување и дополнување на Одлуката за усвојување на "Насоки за подготовка на извештајот за транспарентност".

Предложените табела 1 и ревидирана табела 2, ќе бидат објавени во excel формат на веб страната на Советот (www.sunr.mk) до крај на јануари 2025 година, каде сите Друштвата за ревизија и Овластени ревизори – трговци поединци имаат обврска да ги превземат истите. Табелите треба да бидат пополнети со кирилично писмо, фонт „ариел„ и големина 11.

Пополнетите табела 1 и ревидирана табела 2 во excel формат, се доставуваат по електронски пат на официјалниот меил на Советот www.contact@sunr.mk , во законски предвидениот рок (31.03.2025 година.)

Обврската за достава на Извештајот за транспарентност во хартиена форма до архивата на Советот, останува.

**Претседател на Советот,**
**Александар Наумоски**